ЗЕМЈОДЕЛСКИ КОМБИНАТ
"ПЕЛАГОНИЈА"
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
БР. 02-850/13
10.08 2020 ГОД.
БИТОЛА

Врз основа на член 91, а во врска со член 129 став 3 од Статутот на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, а во врска со членовите 457, 459 и 460, од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола со вкупно 73.736 гласови **ЗА** што претставува мнозинство од гласовите на акционерите кои немаат интерес во зделката согласно Автентичното толкување на член 460 став 3 од Законот за трговските друштва на Собранието на Република Македонија од 10.12.2015 година (Сл.весник на РМ бр.217 од 11.12.2015 година), на седницата одржана на ден 10.08.2020 година година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за одобрување зделка со заинтересирана страна**

**Член 1**

**СЕ ОДОБРУВА** склучување на зделка со заинтересирана страна помеѓу Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола и ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА МЕЛНИЧКИ, ПЕКАРСКИ И ДРУГИ ПРОИЗВОДИ И ПРОМЕТ НА МАЛО И ГОЛЕМО ЖИТО ПОЛОГ АД - Тетово која се состои во одобрување на:

- Продажба и склучување на договори за купопродажба на 15.000 тони меркантилна пченица за човечка исхрана од реколта 2020 година, квалитетена група Б1, по купопродажна цена од најмалку 9.84 денари за килограм плус данок на додадена вредност, односно во вредност од 154.950.000,00 денари,
- Продажба и склучување на договори за купопродажба на 104.620 килограми пченка по цена од 10,92 денари за килограм со пресметан ДДВ, односно во вредност од 1.142.450,00 денари со пресметан данок на додадена вредност и
- Набавка и склучување на договори за купување на сточно брашно во вредност од 4.000.000,00 денари.

**Вкупната вредност на зделката цитирана во став 1 алиенџи 1,2 и 3 од овој член изнесува 160.092.450,00 денари, која вредност претставува 3,52% од сметководствената вредност на имотот на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото за 2019 година.**

**Член 2**

Зделката во делот на купопродажни договори согласно член 1 од оваа одлука ќе се врши по пазарни цени согласно параметрите за квалитативните својства на стоките.

**Член 3**

Вкупната вредност од член 1 на оваа одлука ја претставува вкупна вредност на зделката.

**Член 4**

Вкупната вредност на одобрената зделка од член 1 на оваа одлука, претставува 3,52% од активата на имотот на Друштвото определена во последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото.

**Член 5**

**ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА ВО ЗДЕЛКАТА:**

- Цветан Панделески – претседател и неизвршен член на Одборот на директори на ЗК Пелагонија ад Битола и акционер во ЗК Пелагонија ад Битола заради роднинска поврзаност со Снежана Георгиева која е неизвршен член и претседател на Одборот на директори на ЖИТО ПОЛОГ АД – Тетово кое е страна во зделката.

**Член 6**

**СТРАНИ И КОРИСНИЦИ ВО ЗДЕЛКАТА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА:**

- ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА МЕЛНИЧКИ, ПЕКАРСКИ И ДРУГИ ПРОИЗВОДИ И ПРОМЕТ НА МАЛО И ГОЛЕМО ЖИТО ПОЛОГ АД - Тетово и
- Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола.

**Член 7**

**ПРЕДМЕТ НА ЗДЕЛКАТА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА:**

- Продажба и склучување на договори за купопродажба на 15.000 тони меркантилна пченица за човечка исхрана од реколта 2020 година, квалитетена група Б1, по купопродажна цена од 9.84 денари за килограм плус данок на додадена вредност, односно во вредност од 154.950.000,00 денари,

- Продажба и склучување на договори за купопродажба на 104.620 килограми пченка по цена од 10,92 денари за килограм со пресметан ДДВ, односно во вредност од 1.142.450,00 денари со пресметан данок на додадена вредност и

- Набавка и склучување на договори за купување на сточно брашно во вредност од 4.000.000,00 денари.

Вкупната вредност на зделката цитирана во став 1 алиенји 1,2 и 3 од овој член изнесува 160.092.450,00 денари, која вредност претставува 3,52% од сметководствената вредност на имотот на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото за 2019 година.

**Член 8**

Собранието на акционери на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, **потврдува и одобрува** дека согласно Законот за трговски друштва наведената зделка во член 1 од оваа одлука претставува 3,52% од од активата на имотот на Друштвото определена во последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото и не надминува **20%** од книговодствената вредност на имотот на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, според последните ревидирани финансиски извештаи на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола и според одредбите на ЗТД и Статутот на Друштвото не е голема зделка туку само зделка со заинтересирана страна која потпаѓа под правилата за одобрување на зделка со заинтересирана страна.

**Член 9**

Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола **потврдува** дека вредноста на зделката од член 1 од оваа одлука изнесува 3,52% од активата на имотот на Друштвото определена во последните ревидирани финансиски извештаи на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, односно кумулативната вредност на меѓусебни поврзани зделки во текот на изминатите 12 месеци од денот на одобрувањето на зделката претставува помалку од 10% од вредноста на активата на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола определена врз основа на активата на имотот на Друштвото определена во последните ревидирани финансиски извештаи, заради што не е потребно мислење од овластен ревизор.

**Член 10**

Се овластуваат членовите на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола кои немаат интерес во зделката, врз основа на оваа одлука да донесувааат свои одлуки заради спроведување, реализација, утврдување рок на плаќање и измена на оваа одлука согласно одредбите од оваа одлука, а извршниот директор на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола да ги склучува потребните договори за реализација на оваа одлука под условите наведени во оваа одлука и одлуките на членовите на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола кои немаат интерес во зделката донесени согласно оваа одлука.

**Член 11**

При донесувањето на оваа Одлука не гласаше акционерот ЦВЕТАН ПАНДЕЛЕСКИ кој поседува 40.739 обични акции со право на глас издадени од Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, како акционер кој има својство на заинтересирана страна во зделката.

**Член 12**

**СЕ ПОТВРДУВА** дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на оваа одлука согласно одредбите од Законот за трговските друштва и важечкиот Статут на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола.

**Член 13**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД БИТОЛА**
**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
**Претседавач**

**/Татјана Костовска/**

ЗЕМЈОДЕЛСКИ КОМБИНАТ ПЕЛАГОНИЈА БИТОЛА 4 АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО